Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ИНФО БИЛТЕН

ФЗОМ

## Фонд за здравствено осигурување на Македонија

**ИНФО БИЛТЕН ИЗДАНИЕ БР. 41/2014**

**април**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

# Содржина

НОВИНИ ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ... 3

1. Нови измени и дополнувања во позитивната Листа на лекови на товар на ФЗОМ ... 3

2. Новини за осигуреничките – вработени - корисници на право на неплатено родителско отсуство 6

3. Дијализни третмани – новини во обезбедување на здравствени услуги од областа на дијализата 7

4. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита во 2013 година 10

Потрошувачка на лекови на рецепт во ПЗЗ ... 11

Десет лекови со најголема потрошувачка ... 13

5. Пререгистрација на невработени лица ... 14

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ... 15

6. Известување за електронскиот начин на фактурирање на здравствени услуги во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита ... 15

КОНТРОЛИ ... 16

7. Финансиска контрола во Фондот за здравствено осигурување ... 16

ОБУКИ ... 18

8. Обуки за електронскиот начин на фактурирање на здравствени услуги од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита која не е по ДСГ метода ... 18

РАБОТНИ СРЕДБИ ... 21

9. Работна средба на директорот на ФЗОМ, Џемали Мехази со делегација од Фондот за задолжително здравствено осигурување на Република Албанија ... 21

10. Средба на ФЗОМ со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност“ ... 22

11. Средба на ФЗОМ со Здружение на граѓани за третман на лица со аутизам “Во мојот свет“ ... 23

12. Учество на ФЗОМ на првата Конференција за ретки болести ... 24

13. Говор на Директорот на ФЗОМ м-р Маја Парнарџиева Змејкова на Собрание на Фармацевтската комора на Македонија во „Даре Џамбаз“ на 14 март 2014 година, Скопје ... 25

14. Статус на Електронска здравствена картичка ... 30

.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# НОВИНИ ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ

## 1. Нови измени и допонувања во позитивната Листа на лекови на товар на ФЗОМ

Во Службениот весник на РМ со број 47 од 10 март 2014 година, објавена е нова одлука донесена од Управниот одбор на ФЗОМ за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. Одлуката стапи на сила од 18 март 2014 година.



Со оваа Одлука направени се корекции за усогласувања на податоци за лекови според актуелните состојби и, што е уште поважно, направени се и измени кои значат поголема достапност за лекови на рецепт за нашите осигуреници. Измените се однесуваат на:

**I. Олеснет е режимот на пропишување за два лека:**

- ✓ За лекот ***Glyceryl trinitrat сублингвален спреј CPJ*** *(лек за срце)* режимот на пропишување е променет и сега лекот може да го пропишува избран лекар без препорака од лекар специјалист со што се олеснува неговата достапност до осигурениците и нема да се троши дополнително време со упатување на осигуреникот на повисоко ниво од здравствената заштита само за препорака за овој лек. Ова е измена ќе ја почувствуваат најмалку 200 наши осигуреници, а се очекува и поголема бројка.
- ✓ За лекот ***Levetiracetam таблети и раствор за орална употреба, CPJ,*** *кој е лек за рефрактерна епилепсија резистентна на други антиепилептици,* со дополната во режимот на пропишување дека **препорака може да дава и болнички конзилиум** со лекари од соодветна специјалност, а не само клинички конзилиум како досега, по што ќе се растеретат околу 500 наши осигуреници кои нема да мора задолжително да се упатуваат до Клиничкиот центар Скопје за препорака за овој лек и следење на состојбата на овие пациенти.

**II. Направено е дополнување и изменување во делот на фармацевтската**

.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**форма за лекови** од Листата на лекови на товар на ФЗОМ заради усогласување со актуелните состојби за лекови и регистрационите решенија на лекови во РМ.За потребите на нашите осигуреници од особено значење е дека за три лека се допонуваат нови фармацевтски дозажни форми, односно за лекот со генерика *cefuroxim* (антибиотик) и за лекот *valproic acid, sodium valproate* (антиепилептик) дополнета е нова фармацевтска дозажна форма *Сируп* односно *Перорална суспензија,* со што е овозможено оваа терапија полесно да се применува кај деца, а за генериката *tiotropium bromide* (бронходилататор) дополнета е фармацевтска дозжана форма *Раствор за инхалирање*.

| Ред. Бр. | Генеричко име на лекот | НОВА Фармацевтска дозажна форма | Јачина |
|---|---|---|---|
| 1 | Cefuroxime | перорална суспензија | 125mg/ml |
| 2 | Valproic acid, sodium valproate | сируп | 57,64 mg/ml |
| 3 | Tiotropium bromide | раствор за инхалирање | 2,5mcg/ инхалација |

**III. Сите конкретно наведени јачини на лекови од примарната позитивна листа се заменети со кратенката „СРЈ“ (сите регистрани јачини во РМ)** со што се унифицира позитивната листа за примарна и болничка здравствена заштита во делот на јачините на лекови, а воедно се зголемува бројот и со тоа и изборот на лекови за генерика која веќе се наоѓа на позитивната листа.

Со ова е зголемена и конкуренцијата и има можност за подобро усогласување на цените на лековите и подобро рационално, наменско и ефикасно користење на лекови и средствата за лекови од Фондот. На овој начин, Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ се дополнува со 11 нови јачини и тоа за следните лекови по генерики:

.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| Ред. бр. | Генеричко име - INN | Фармацевтска дозажна форма | Нова Јачина |
|---|---|---|---|
| 1 | Metformin | таблети со продолжено ослободување | 750mg |
| 2 | Carvedilol | таблети | 3,125mg |
| 3 | Amoxicillin | таблети/капсули | 750 mg |
| 4 | Amoxicillin | таблети/капсули | 1000 mg |
| 5 | Cefixime | таблети | 200mg |
| 6 | Erythromycin | суспензија | 250mg/5ml |
| 7 | Clarithromycin | суспензија | 250mg/5ml |
| 8 | Paracetamol | таблети | 1000mg |
| 9 | Olanzapine | филм обложени таблети/ ородисперзибилни таблети | 15mg |
| 10 | Olanzapine | филм обложени таблети/ ородисперзибилни таблети | 20mg |
| 11 | Bacitracin+ Neomycin | маст за очи | (500 IU+3300 IU/g) |

Збирно, **со измените во делот на фармацевтските дозажни форми и јачини** на лекови од Листата на лекови **практично се дополнуваат 14 лекови** и тоа лекови од групата на антибиотици, лекови за срце, антиастматици, антидепресиви, лекови за намалување на шеќерот во крвта, офталмолошки антибиотски препарат, лек за епилепсија, лекови против болки и покачена телесна температура, за кои досега не можело да се утврди референтна цена

.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

од Фондот и истите ќе можат да се подигаат во аптеките на рецепт на товар на Фондот по утврдување на референтни цени за тие лекови, а такви во моментот се 18 лекови по заштитено име. Лековите со кои се врши дополнување на Листата на лекови ќе може да се подигаат на рецепт во аптека по завршувањето на постапката за утврдување на референтни цени за истите.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија континуирано се залага нашите осигуреници на најдобар можен начин да го остваруваат правото на лекување според прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување и поквалитетна здравствена услуга во интерес на квалитетно лекување и заштита на здравјето.

## 2. Новини за осигуреничките – вработени - корисници на право на неплатено родителско отсуство

Фондот за здравствено осигурување на Македонија, ги известува сите осигуренички - работнички кои сакаат да го користат правото на неплатено родителско отсуство согласно законските измени дека нема потреба да доаѓаат во подрачните служби на Фондот и да поднесуваат било каква документација за остварување на истото.



Во овој случај единствено што треба е работодавецот потребната документација да ја достави до Агенцијата за вработување во која го пријавува мирувањето на работниот однос, по основ на користење на неплатено родителско отсуство.



.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Фондот за здравствено осигурување на Македонија посветено работи да им овозможи на своите осигуреници полесно остварување на правта од здравственото осигурување.

## 3. Дијализни третмани – новини во обезбедување на здравствени услуги од областа на дијализата

Во Република Македонија, започнувајќи од 15 февруари 2014 година се воспостави јавно приватно партнерство во специјалистичко-консултативната здравствена заштита за здравствената дејност - дијализа. Јавното приватно партнерство се однесува на центрите за дијализа кои беа во состав на јавните здравствени установи во кои се вршеа дијализни третмани на осигурените лица со хронична бубрежна инсуфициенца, а кои се трансформираа во нови приватни правни субјекти со договор за доделување на лиценца за вршење на овој вид на здравствена заштита во Мрежата на здравствени установи (договор за лиценца).



.

Во втората фаза договор за лиценца од страна на Министерството за здравство имаат добиено Приватна здравствена установа “СИСТИНА НЕФРОПЛУС” со седиште во Кавадарци и Приватна здравствена установа “СИСТИНА НЕФРОПЛУС ЕДЕН” со седиште во Гостивар, со важност од 1 март 2014 година. Лиценцата за вршење на здравствена дејност-дијализа се однесува на специјалистичко-консултативна здравствена заштита која ја опфаќа дијализата на секундарно ниво за населението во Република Македонија, односно за пациентите кои се третираат со дијализа, во 10 (десет) организациони единици.

Организационите единици во состав на ПЗУ СИСТИНА НЕФРОПЛУС се поранешните центри за дијализа од јавните здравствени установи и тоа од:

1. Кавадарци- ЈЗУ Општа болница Кавадарци;

2. Прилеп - ЈЗУ Општа болница Прилеп;

3. Битола – ЈЗУ Клиничка болница Битола;

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

4. Велес - ЈЗУ Општа болница Велес;

5. Охрид - ЈЗУ Општа болница Охрид.

Организационите единици во состав на ПЗУ СИСТИНА НЕФРОПЛУС ЕДЕН се поранешните центри за дијализа од јавните здравствени установи и тоа од:

1. Гостивар- ЈЗУ Општа болница Гостивар;

2. Тетово - ЈЗУ Клиничка болница Тетово;

3. Дебар – ЈЗУ Општа болница Дебар;

4. Струга - ЈЗУ Завод за нефрологија Струга;

5. Кичево - ЈЗУ Општа болница Кичево.

Со новите приватни здравствени установи кои имаат добиено лиценца за вршење на овој вид на здравствени услуги, согласно законската регулатива, Фондот има склучено договор за пружање и плаќање здравствени услуги за вршење на хемодијализен третман во специјалистичко-консултативната здравствена заштита.



Со договорите кои се во важност од 1 март 2014 година до заклучно 2018 година, се регулираат односите меѓу Фондот и здравствените установи во мрежата на здравствени установи за обезбедување и извршување на здравствени услуги на осигурените лица за вршење на хемодијализен третман со вклучени специјалистичко-консултативни здравствени услуги согласно Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето со дијализа за населението во Република Македонија.

Висината на вкупниот надоместок (како максимален надоместок) е утврден со Одлука на Управниот одбор на Фондот согласно Правилникот, во зависност од средствата во буџетот на Фондот утврдени за таа намена и се смета како договорен износ за специјалистичко – консултативни здравствени услуги за дејноста хемодијализа за која се склучува договорот.

.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Во вкупниот надоместок на здравствената установа се опфатени сите потребни трошоци како и трошоци за лекови, медицински и друг потрошен материјал потребен за целосно извршување на здравствената услуга и трошоци за превоз на осигурените лица.

Вкупен износ на договорен надоместок на ПЗУ СИСТИНА НЕФРОПЛУС е утврден за периодот од 1 март до 31 декември 2014 година во износ од 152.154.618 денари и се однесува за обезбедени пакети за дијализни третмани согласно медицината базирана на докази за околу 230 осигурени лица.

Вкупен износ на договорен надоместок на ПЗУ СИСТИНА НЕФРОПЛУС ЕДЕН е утврден за периодот од 1 март до 31 декември 2014 година во износ од 133.711.634 денари и се однесува за обезбедени пакети за дијализни третмани согласно медицината базирана на докази за околу 203 осигурени лица.

Здравствената установа е должна на осигурените лица да им пружа целосна, квалитетна, навремена, економична, ефективна и ефикасна здравствена заштита -хемодијализен третман, во согласност со одредбите на Законот за здравствена заштита, Законот за здравствено осигурување и другата законска регулатива.

Во пакетот на здравствени услуги се содржани покрај хемодијализен третман и задолжителните дијагностички испитувања дефинирани во Упатството за дијализа - месечни, тромесечни, шестомесечни и годишни дијагностички испитувања согласно Упатството за дијализа како и патни трошоци до и од центарот за дијализа. Фондот за овој пакет на здравствени услуги има утврдено референтна цена во износ од 5.400 денари која е во примена од јануари 2014 година.

Во насока на унапредување и обезбедување на поквалитетни услуги од областа на дијализните третмани Фондот ќе се залага за целосно почитување на донесените упатства за дијализа (протоколи) со нивно следење и контрола.

Во таа смисла, се воведуваат задолжителни извештаи во пишана, но и електронска форма преку информатичка поврзаност со здравствената установа, за следење на спроведување на протоколите, но и на резултатите од дијагностичките иследувања заради согледување на здравствената состојба на осигурените лица кои се третираат со дијализа.

.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk




Како новина која за прв пат се воведува во обезбедувањето на здравствени услуги од областа на дијализните третмани за осигурените лица е унапредување на квалитетот на услугите со создавање на подобри услови за вршење на дијализа и особено со следење и контрола на квалитет преку воведување на европски индикатори кои на Фондот ќе му бидат достапни во секое време со воспоставување на електронски начин на следење на истите.

Имено, за следење на успешноста на работењето во здравствената установа по квартали ќе се користат индикаторите за квалитет согласно европските протоколи за добра медицинска пракса за хемодијализа (European Best Practice Guidelines for Haemodialysis). Начинот на следењето на успешноста на работењето на здравствена установа ќе се врши согласно упатството на Фондот.

Се надеваме дека создавањето на новите посовремени услови за вршење на дијализни третмани како и следењето на остварувањето на упатствата за медицина базирана на докази и особено следењето на резултатите од извршената работа во новите приватнати здравствени установа за дијализа ќе придонесат за развојот, унапредување и обезбедување поквалитетни здравствени услуги на нашите осигуреници на кои им е неопходен овој вид на услуга.

## 4. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита во 2013 година

Во примарната здравствена заштита, лековите на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за примарна здравствена заштита кои имаат утврдена референтна цена и се издаваат на рецепт за осигурениците, се обезбедуваат преку аптеки со кои Фондот има склучено договор. Бројот на ПЗУ аптеки варира во текот на годината и последната бројка за

.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

активни аптеки кои имале договор со ФЗОМ за 2013 година е 722 аптеки.

Анализата на податоците за потрошувачката на лековите на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита за 2013 година, покажа дека бројот на лекови кои се издаваат на товар на ФЗОМ и расходите на ФЗОМ за лекови имаат континуиран тренд на раст исто како и во претходните четири години.

Од вкупно 391 лекови по генерика од примарната позитивна листа до 299 лекови се обезбедени без доплата за осигурениците, односно околу 76% од лековите за примарна здравствена заштите се обезбедени без доплата за осигурениците, што е највисок процент на вакви лекови досега.

Сумарно, од 2009 година кога бројката на лекови по генерики без доплата била 20% од вкупниот број на лекови за ПЗЗ, а во 2013 година бројката на лекови по генерики без доплата достигнува до 76,5%, што значи раст од околу 56%.

Трендот на намалување на цените на лековите резултира со зголемување на бројот на лекови кои се обезбедуваат за осигурените лица, особено лекови без доплата, а со тоа се овозможува поголема достапност до потребната терапија со лекови. Постои тенденција овој број на лекови кои се без доплата да се зголемува и понатаму, со што ќе се намалува бројот на лекови со доплата. Стратегија на Фондот за периодот 2014-2015 година е во насока да се обезбедат лекови без доплата за секоја генерика.

## Потрошувачка на лекови на рецепт во ПЗЗ

Во 2013 година на товар на ФЗОМ, во аптеките се реализирани вкупно 17.822.132 рецепти за кои Фондот издвоил вкупно средства во висина на 2.123.979.166 денари.

*Графикон 1 –Број на реализирани на рецепти и вкупни износи за лекови во ПЗЗ (2008-2013)*




.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Во однос на 2008 година потрошувачката по бројот на рецепти бележи раст од 73,31%, а износот на издвоените средства за истите е зголемен за 61,04%.

Забележителен е континуиран пораст на потрошувачката на лекови во изминативе години. Растот на потрошувачката на лекови е распределен во скоро сите АТХ групи. Во 2013 година доминира потрошувачката на лековите за кардиоваскуларниот систем. Лековите од оваа група бележат постојан тренд на раст, во 2013 година се реализирани околу 7,8 милиони рецепти, што во споредба со претходната година е зголемување за 5,8%, .

На второ место по бројот на реализирани рецепти се лековите со дејство на централниот нервен систем кај кои се бележи намалување на потрошувачката за околу 3,8% во однос на предходната година.

На трето место според бројот на реализирани рецепти се лековите со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот.

Антиинфективните лекови за системска употреба и понатаму бележат намалување на потрошувачката, односно истите се намалени за 8,1% во споредба со 2012 година.

*Графикон 1 Број на реализирани рецепти за лекови во ПЗЗ по АТХ групи (2010-2013 година)*




Во однос на средствата издвоени за лекови, може да се забележи зголемување кај најголем дел од лековите.

На ниво на РМ просечно се издвоени по 1.190 денари по осигуреник за лекови од ПЗЗ, што претставува зголемување за околу 3,6% во однос на 2012 година.

Најголеми износи во 2013 година, исто како и во годините наназад се издвоени за лековите од АТХ групите: C, N и J.

.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

***Графикон 2  Вкупно издвоени износи за лекови во ПЗЗ по АТХ групи (2010-2013 година)***




## Десет лекови со најголема потрошувачка

Најкористен лек во 2013 година, како и во предходните години според бројот на реализирани рецепти е лекот „enalapril" со вкупно 1,66 милиони реализирани рецепти, што претставува 9,3% од вкупно реализирани рецепти или 0,4% повеќе во однос на 2012 година (Графикон 3). Овој лек спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот.

***Графикон 3: Топ 10 најкористени лекови во ПЗЗ за 2013 година***




Лек за кој што ФЗОМ издвоил најголем износ на средства претставува лекот „atorvastatin" за кој во 2013 година се издвоени вкупно 110 милиони денари, што претставува 5% од вкупниот износ за лекови и воедно за истиот се бележи пад на вкупно исплатениот износ за 7,3% во однос на износот издвоен во 2012 година. Овој лек спаѓа во групата на кардиолошки лекови кои го намалуваат нивото на серумски липиди.

.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Генерално, може да се заклучи дека според информациите за потрошувачката на лекови јасно се гледа дека обезбедувањето на осигурениците на ФЗОМ со лекови на рецепт од позитивната листа е на високо ниво. Ова го потврдува и фактот што во вкупно издвоените средства за лекови од примарната позитивна листа рефундациите имаат 0,085 % учество во 2013 година.

На веб страницата на ФЗОМ редовно се објавуваат извештаи каде се дадени подетални информации за потрошувачката на лекови на рецепт од примарната позитивна листа.

## 5. Пререгистрација на невработени лица

И оваа година согласно законските прописи невработените лица - носители на здравствено осигурување требаше да се пререгистрираат до 31 март 2014 година.

ФЗОМ континуирано апелираше и преку објавување на огласи во печатените медиуми и преку гостувања во ТВ емисии до сите невработени лица два месеци пред истекот на рокот да дојдат и да се пререгистрираат, за да им се обезбеди континуитет на здравствено осигурување на невработените лица.

Од вкупно 243.085 лица носители на здравствено осигурување, само 55.78% извршиле пререгистрација.

Пререгистрацијата продолжува и после 31-ви март 2014 година, но со прекин кај оние невработени кои не се пререгистрирале во наведениот рок.

| | ЗА ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА | ПРЕРЕГИСТРИРАНИ | % ПРОЦЕНТ НА ПРЕРЕГИСТРИРАНИ |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 243,085 | 135,583 | 55.78% |

.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

## 6. Известување за електронскиот начин на фактурирање на здравствени услуги во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита

На почетокот на 2014 година како новина во работењето, Фондот за здравствено осигурување на Македонија го воведе web-порталот за електронски начин на доставување на фактури за извршени здравствени услуги од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита (која не се искажува по ДСГ методата) како и за издадени лекови на рецепт во аптеките кои имаат склучено договор со Фондот.



Имајќи во предвид дека со електронскиот начин на фактурирање на извршените здравствените услуги и издадени лекови на рецепт, преку веб порталот на Фондот, во системот се евидентирани сите потребни податоци и директно се креира спецификацијата пооделно за сите осигурени лица за месецот за кој се фактурираат извршените услуги, односно издадените лекови на рецепт, Фондот согледа дека повеќе нема потреба од доставување на спецификација во печатена форма.

Во таа смисла, **Фондот ги известува здравствените установи и аптеките кои имаат склучено договор со Фондот дека започнувајќи од месец февруари, при доставување на фактурата во печатена форма во подрачните служби на Фондот, не треба да доставуваат спецификација во печатена форма**.

.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# КОНТРОЛИ

## 7. Финансиска контрола во Фондот за здравствено осигурување

Како дел од секторот за финансиски прашања во Фондот, финансиската контрола како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи (ЈЗУ). Финансиската контрола се спроведува согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за здравствено осигурување. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, контрола на наменското трошење на средствата, економичноста во работењето и начинот на фактурирање на здравствени услуги.



Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

.

Финансиските контролори како дел од Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамки на Фондот за здравствено осигурување вршат два вида на финансиски контроли:

**1. *Финансиски контроли согласно Годишниот план за финансиски контроли*** во кои спаѓаат

- <u>*Целосни финансиски контроли*</u> кои имаат за цел контрола и анализа на целокупното финансиско работење на ЈЗУ, што подразбира контрола на постапките за јавни набавки, сметководствена евиденција, ниво на залихи на медицински и немедицински материјали, контрола на сопствени приходи, остварување на приходи од Програми од Министерство за здравство итн.

Во 2013 година ваков вид на контроли се извршени во вкупно 48 јавни здравствени установи во Р. Македонија од кои 20 Клиники, 16 болници, 8 здравствени домови, 2 институти, 1 завод и 1 Центар за јавно здравје.

Во текот на целосните финансиски контроли кај одредени ЈЗУ е констатирано подобрување, додека во одредени е констатирано влошување. Во текот на овие контроли поголемо внимание

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

беше посветено на контролата на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки.

- *<u>Контрола на начинот на фактурирање на здравствени услуги од здравствените установи</u>* која има за цел да се утврди дали начинот на фактурирање на извршените здравствени услуги и содржината на фактурите се во согласност со законските и подзаконските акти како и со правилниците и ценовниците на Фондот.

Овој вид на контрола се врши во сите 111 јавни здравствени установи во Р. Македонија на квартално ниво. Во 2013 година се извршени вкупно 444 квартални контроли на фактури од ЈЗУ.



При контрола на начинот на фактурирање на здравствени услуги во јавните здравствени установи констатирано е намалување на процентот на грешно фактурирани пресметки од 3,50% во 2012 на 2,9% во 2013 година.

**2. *Наменски контроли*** кои се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.

Финансиската контрола во 2013 година изврши вкупно 652 контроли на јавните здравствени установи во Македонија.

Согласно Годишниот план за финансиски контроли извршени се 492 контроли (целосни финансиски и квартални контроли) и 160 наменски контроли.

Планот за 2013 година е надминат за 32,00 %.

Од контролите во текот на 2013 година констатиран е зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола и реализација на договорите, укажување за начинот на чување на финансиската документација во просториите на здравствените установи итн.

За констатираните состојби во ЈЗУ, финансиската контрола даде препораки со цел да се надминат во наредниот период.

Поради воведување на електронскиот начин на доставување фактура за извршени здравствени услуги од страна на ЈЗУ, финасиската контрола достави насоки, а и во наредниот период ќе изврши и обуки на ЈЗУ за оваа новина.

.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



Со воведување на електронскиот начин на доставување фактура за извршени здравствени услуги од страна на ЈЗУ и контрола на најголем дел од параметрите со електронска фактура, во наредниот период финансиската контрола, според годишниот план за контрола за 2014 година, ќе врши контрола и во приватни здравствени услуги (ПЗУ) кои доставуваат фактури за извршени услуги од специјалистичко консултативна дејност.

## ОБУКИ

### 8. Обуки за електронскиот начин на фактурирање на здравствени услуги од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита која не е по ДСГ метода

На почетокот на 2014 година како новина во работењето, Фондот за здравствено осигурување на

Македонија го воведе web-порталот за електронски начин на доставување на фактури за извршени здравствени услуги од специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита која не се искажува по ДСГ методата, за ЈЗУ и ПЗУ кои вршат овој вид на здравствени услуги и имаат склучено договор со Фондот.



Заради воведување н електронскиот начин на доставување на фактурите преку ВЕБ порталот беше потребно да се одржат обуки на сите здравствени устнови кои треба да доставуваат електронски фактури за извршени здравствени услуги од јануари 2014 година.

.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



Обуките се одржани по период од 12.03.2014 до 20.03.2014 во 7 ( седум) региони, од страна на претставници од ФЗОМ во следните термини во регионите и тоа:

1. 12.03.2014 Штип присутни 96 лица
2. 13.03.2014 Куманово присутни 63 лица
3. 14.03.2014 Битола присутни 100 лица
4. 17.03.2014 Велес присутни 104 лица
5. 18.03.2014 Охрид присутни 80 лица
6. 19.03.2014 Тетово присутни 94 лица
7. 20.03.2014 Скопје присутни 247 лица

На обуките присуствуваа претставници од здравствените установи околу 800 лица.

На обуките претставниците од здравствените установи беа детално запознаени со електронскиот начин на доставување на фактурите креирани директно преку Веб Порталот на Фондот со видео презентација. Воведниот дел беше презентиран од страна на представниците од Сектор за финансиски прашања кој се однесуваше на новината на ФЗОМ и значењето од воведување на Порталот за доставување на Е-фактура, како и запознавање со содржината на презентацијата. На присутните им беа посочени предностите кои следат со воведување на оваа новина како и дел од процесот како би се вршеле доставата и работењето кои би го олесниле начинот на кој се доставува Е-фактурата до службите на Фондот.

На обуките претставниците од здравствените установи го искажаа задоволството од поедноставување на постапката од овој вид на доставување на фактурите. Најпозитивно од присутните беше оценето вршењето на позадинска автоматска обработка на фајловите, директното креирање на фактурата од системот, објаснување на приказите за изгенерираните електронски фактури (од прикачените фајлови), прегледите на валидните и невалидните пресметки и креирањето на извештаите директно од порталот, како и можноста за директен увид и корекција на невалидните пресметки. Содржина на презентацијата за Е-



фактура:

1. Начин како да се пристапи до ВЕБ порталот и отпочнување со работа на овластеното лице;
2. Прикачување на електронската фактура и доставување до ФЗОМ;Постапка по добивање на известување на е-мајл на здравствената установа дека обработката на пресметките е завршена

.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

3. Корегирање на дадените технички грешки и друг вид корекции ( изедначување на содржината на хартиената форма со електронската доставена форма до фзом).
4. Потпишувње на конечната фактура , односно известување до ФЗОМ дека здравствената установа се согласува со износот на фактурата и со тоа дека фактурата е доставена.

На обуките претставниците од здравствените установи беа конструктивни во најголем број случаи со поставување на прашања. Најголемиот дел од прашањата околу 150 пршања беа одговорено на самите обуки, а за дел од прашањта кои не се однесуваа за презентацијата побаравме истите да ги достават до е-маилот **DOGOVORI@fzo.org.mk**. Сите присутни беа известени дека за сите проблеми кои ќе им се случуваат во текот на работењето, прашањата да го доставуваат на истиот е-маил. Нашата оценка е дека присутните со внимание ја следеа презентацијата и на крај имаше



позитивни оценки од нивна страна со неколку исклучоци. (од еден лекар во Куманово и неколку стоматолози од ПЗУ во Скопје) , кои дискусијата ја насочуваа повеќе кон други теми , надвор од презентацијата ( за буџетите, обврска за плаќање кон забните техничари , за услугите кои не им се прифатени , прашања околу мој термин и нивно размислување мој термин да не се однесува и за специјалистичкара стоматологија.) По извршените обуки работната група продолжува на дневна основа да го следи имплементирањето на електро фактура во соработка со другите сектори од Фондот да одговара на поставените прашања кои се доставуваат преку посочената меил адреса.



.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# РАБОТНИ СРЕДБИ

## 9. Работна средба на директорот на ФЗОМ, Џемали Мехази со делегација од Фондот за задолжително здравствено осигурување на Република Албанија

Директорот на ФЗОМ Џемали Мехази денеска реализираше работна средба со делегација од Фондот за задолжително здравствено осигурување на Република Албанија.

Оваа средба дојде како резултат на иницијативата превземена од ФЗОМ за заедничко рзгледување на прашањето за потпишување на Меѓународниот договор за соцјално осигурување помеѓу двете земји кое заостанува поради не усогласувањата во законот за здрвствено осигурување во овие две земји.





Присутни на овој состанок беа Директорот на Фондот за здравство на Албанија, Астрит Беци, Државниот секретар на Министерство за здравство Науф Ипче, претседталот на македонската делегација за склучување на меѓународни договори за соцјално осигурување Ирена Ристеска и други преставници од ФЗОМ и ФЗОА.

ФЗОМ секогаш прави напори за обезбедување на по квалитетни услуги за своите осигуреници како во земјата така и надвор од Македонија.

.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 10.Средба на ФЗОМ со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност“

Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова и нејзиниот тим одржаа работна средба со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“. На состанокот се разговараше за тековните потреби, за измените во Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала. Претседателот на Националниот сојуз „Мобилност“, Бранимир Јовановски и претставниците од сојузот ја поздравија измената на Правилникот за скратување на роковите за протезите за работоспособно население, како и за ортопедските чевли за децата до 18 години.





Согласно „Стратегијата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија 2014-2015“ се разговараше и за дефинирање на стандардите на ортопедските помагала, односно листа А за стандардните помагала и листа Б за надстандардните помагала за кои осигуреникот ќе може да доплати од личните средства, но со ограничен лимит на доплата.

Беа разгледани и други прашања кои се од интерес на лицата со телесн инвалидитет како и модалитетите кои Фондот може да ги примени за да се излезе во пресрет на што повеќа барања на осигурениците. Фондот посочи дека се соочува со постојан пораст на потрошувачката на ортопедските помагала која од 2014 година е трикратно зголемена во однос на 2011 година.

Фондот продолжува со практиката да остварува редовни директни средби со здруженијата на граѓани за да се изнајдат најдобрите начини да се унапреди квалитетот на здравствени услуги согласно потребите на самите пациенти и осигуреници.

.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 11.Средба на ФЗОМ со Здружение на граѓани за третман на лица со аутизам "Во мојот свет"

Директорката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, м-р Маја Парнарџиева Змејкова и нејзиниот тим, заедно со м-р Анита Минова – Советник на Претседателот на Влада на РМ одржаа прва работна средба со претставници на Здружение на граѓани за третман на лица со аутизам - „Во мојот свет".

На состанокот стана збор за можноста за унапредување на здравствената состојба на оваа група пациенти, подобрување и зајакнување на едукација на населението и на медицинскиот персонал со цел рана детекција на оваа група пациенти. Престседателот на Здружението „Во мојот свет", Златко Стојановски информираше



дека традиционално трета година по ред организира настан по повод Меѓународниот ден на аутизмот на 2-ри април и го покани ФЗОМ да земе учество на настанот кој ќе се одржи во Скопје Сити Мол.

Преставниците на здружението разменија мислење за значењето на раната детекција на децата со аутизам и како тоа влијае врз нивната состојба. Според Светската здравствена организација се проценува дека во Македонија живееат околу 2.000-2.500 лица со аутизам. Отворање на Центар за рана детекција и третман на лица со аутизам би бил од огромно значење за подобрување на квалитетот на животот на лицата со аутизам, меесто каде би се згрижиле, родителите би добиле навремени информации и рана дијагностика, ран третман, право на едукација и здравствена заштита, истакна на состанокот Весна Стојановска, потпретседател на Здружението.

Од страна на ФЗОМ, Парнарџиева Змејкова ги замоли претставниците на здружението да доставaт анализа на состојбата на лицата со аутизам. Фондот продолжува со практиката да остварува редовни директни средби со здруженијата на граѓани за да се изнајдат најдобрите начини да се унапреди квалитетот на здравствени услуги согласно потребите на самите пациенти и осигуреници.

.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 12. Учество на ФЗОМ на првата Конференција за ретки болести

Во Скопје се одржа првата ЦЕИ конференција за градење на регионална мрежа на организации за ретки болести, во организација на здружението „Живот со предизвици“ на које се потпиша Манифест со кој пациентите со ретки болести бараат поскоро усвојување на Национален план за ретки болести.

Бранко Аџигогов, советник на директорката ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова, во своето обраќање на конференцијата истакна дека ФЗОМ обезбеди безглутенски препарати за неколку ретки болести, а во наредните 30 дена за заболените од Алажил синдром ќе озбезбедат специјализирано масло и брашно, додека за заболените од Хантингтон - безглутенско брашно, а за оние со болеста Тирозиненија - беспротеинско брашно и млеко.

Целта на конференцијата е подигнување на свеста за ретките болести, која е проект кој придонесува кон зајакнување на капацитетите на организациите и зголемување на вмрежувањето и комуникацијата помеѓу организациите за ретки болести во регионот на Централна Европа. Претседателката на Здружението на пациенти со ретки болести „Живот со предизвици“, Весна Алексовска во обраќањето пред присутните ја нагласи потребата од усвојување на Национален план за ретки болести чија цел е подобрување на квалитетот на животот на заболените и нивните семејства во Македонија.





Како почесен покровител на Европската организација за ретки болести, сопругата на претседателот на Република Македонија, Маја Иванова ја истакна важноста на ретките болести

.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

во здравствените политики на национално и на европско ниво. Таа посочи дека во Македонија преку надлежните министерства редовно се донесуваат програми за лекување на заболените од ретки болести, а ангажираноста на властите во оваа насока се препознава и во тоа што пред две години се формираше и Комисијата за ретки болести. Таа повика да се обезбеди подобар третман, рана дијагноза, да се помогне во пристапноста на ефикасни третмани, како и да се работи на подобар и поквалитетн живот на секој пациент.

Вториот дел од конференцијата беше посветен на презентации од лекари и медицински професионалци кои работат во областа на ретки болести. Беа разменети искуства со медицински професионалци од земјава и регионот.

## 13.Говор на Директорот на ФЗОМ м-р Маја Парнарџиева Змејкова на Собрание на Фармацевтската комора на Македонија во „Даре Џамбаз“ на 14 март 2014 година, Скопје

Познато е дека Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со моето лично залагање и залагањето на мојот тим, се стреми за блиска, транспарентна и конструктивна соработка со сите чинители во нашиот здравствен систем.

Само така сите ние заеднички ќе успееме да добиеме подобро здравство, сите здравствени работници и регулатори да бидат позадоволни, а задоволството ќе биде дотолку поголемо ако успееме да ги направиме уште позадоволни осигурениците на Фондот.

Во оваа пригода сакам да ја искажам својата благодарност за соработката што ја оствaруваме со Фармацевтската комора на Македонија.

Улогата на фармацевтот е навистина значајна имајќи предвид дека користењето на лекови се зголемува и претставува глобален проблем.

Улогата на фармацевтот е особено значајна за употребата на антибиотици која како прекумерна и неправилна на светско ниво го отежнува или оневозможува лекувањето на инфекции и болести предизвикани од бактерии.

.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



Сите треба да мислиме на нашите идни генерации, како тие ќе се лекуваат ако сега лековите се употребуваат непотребно и неправилно.

Фондот за здравствено осигурување, свесен за неопходноста од рационално користење на лековите, прави напори да ги промовира фармацевтите во полно значење на оваа благородна професија.

Би напоменала повеќе проекти на ФЗОМ за аптеките и лековите кои беа реализирани во соработка и со Фармацевтската комора на Македонија:

**1. Да потсетам, уште во 2010 година, Фондот укажа дека треба да се почитуваат законските прописи и во секоја смена на работењето во аптеките да има најмалку по еден фармацевт, како што е пракса во светот.**

**Имаме навистина значаен број од 722 аптеки со кои Фондот има договор. Тоа значи дека има добра територијална покриеност за обезбедување на лекови на рецепт на товар на Фондот за нашите осигуреници, а секоја аптека има и свои барања или предлози кои преку Комората може да ги достави за разгледување со ФЗОМ.**

.

**Фондот контиунирано со Фармацевтската комора дискутира за прашања и проблеми кои произлегуваат од праксата на фармацевтите во аптеките, особено во време на годишната ревизија на теркот на договор кој Фондот го склучува со ПЗУ аптеки. Заеднички наоѓаме најдобри можни решенија.**

**2. Значаен момент е што со закон предвидовме во Управниот одбор на ФЗОМ да има претставник од Фармацевтската комора на Македонија заедно со коморите на другите здравствени работници по принцип на годишно ротирање.**

**Донесовме прв правилник за утврдување на квотите на аптеките во 2010 година со транспарентна постапка, кој јасно ги определува правилата и критериумите за дистрибуција и редистрибуција на квоти.**

**Правилникот е ревидиран и унапреден според финансиските можности на Фондот и потребите на населението.**

**Задоволни сме што искористеноста на квотите на ниво на држава е 85 %, но има и примери како Македонски Брод со околу 60% реализација на квота. 2013 Затоа ветуваме дека квотите на аптеките ќе ги ревидираме на секои три месеци според финансиските можности.**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



**3. Воведовме нова компаративна методологија за пресметка на референтни цени на лекови со која многу цени на лекови се намалија, а тоа значи и поголем финансиски простор за аптеките во квотите за обезбедување на лекови, поголема потрошувачка на лекови и позадоволни аптеки и осигуреници.**

**4. Воведовме и утврдивме категорија скапи лекови на рецепт кои се издаваат надвор од квотите на аптеките, за да нема пречки за обезбедување на поскапите лекови за нашите осигуреници. Тоа е вовед кон укинувањето на квотите на аптеките.**

**5. Воведовме и утврдивме лекови чии пакувања се делат во насока на рационалното користење на лекови и ефикасно трошење на средствата на Фондот.**

**6. Воведовме и утврдивме лекови кои можат да се пропишат на рецепт на товар на ФЗОМ во дежурни лекарски служби, кои исто така се издаваат надвор од квотите на аптеките.**

**7. Ги укинавме бандеролите за лекови со што се олесни и забрза дистрибуцијата на лекови.**

**8. Дефиниравме листа на 25 најпотрошувани генерики на лекови кои се без доплата и кои задолжително мора да се достапни во секоја аптека за осигурениците.**

**9. Дефиниравме Листа на лекови кои се без доплата објавена во А3 формат на веб страницата на ФЗОМ. Аптеките и лекарските ординации имаат обврска оваа листа да ја истакнат на видно место и на нашите осигуреници да им ги даваат сите информации за лековите за тие да можат да одлучат дали ќе подигнат лек на рецепт на товар на Фондот без доплата или со доплата.**

**10. Воведовме дежурства во аптеките, заради континуирано обезбедување на осигурениците со лекови во сите градови.**

**Во следниот период оваа одлука ќе биде предмет на ревизија во соработка со Фармацевтската комора.**

**11. Воведовме можност за единствена залиха во аптеките на комерцијални и фондовски лекови што овозможува постојана достапност на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ.**

**12. Со теркот на договорот за аптеки од 2014 година го намаливме бројот и тежината на договорните санкции за аптеките и допрецизиравме договорни одредби. Резултат на тоа е олеснување на работењето во аптеките и поквалитетна фармацевтска услуга за осигурениците и позадоволни осигуреници.**

**13. Од 2010 година воведовме и досега спроведовме десетина регионални обуки за позитивната листа за фармацевтите и лекарите од целата држава.**

.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**14. Воведовме редовни состаноци во подрачните служби на ФЗОМ со претставници на коморите на здравствените работници, за да веднаш се решаваат проблемите кои се јавуваат во пракса или истите веднаш да се проследат до повисока инстанца за решавање.**

**15. Воведовме редовни полугодишни и годишни извештаи од теренските контроли на аптеките кои се објавуваат и на веб страницата на Фондот и се лесно допстапни за сите, особено аптеките да имаат увид во општо утврдените слабости во нивното работење за истите да се отстранат.**

**16. Во Комисијата на ФЗОМ за оценување на услови за изрекување на договорни казни воведовме и претставник на Фармацевтската комора.**

**17. Воведовме печатен рецепт како обврска за лекарите и вовед во идното воведување на целосно електронски рецепт и укинување на хартиениот рецепт.**

**18. Го ревидиравме рецептниот образец за пропишување на лек на товар на Фондот. Сега имаме два вида на рецепт - за наши и странски осигуреници.**

**19. Сега воведовме и веб сервис на Фондот за аптеките со кој го осовременуваме и олеснуваме преносот на податоци за реализирани рецепти и електронски проверки за аптеките.Односно, по ваше барање воведовме електронска фактура.**

**Иако помина многу краток период од воведување на ваквиот електронски начин на работа од почетокот на оваа година, големо задоволество е што првите анализи укажуваат на тоа дека се јавуваат многу малку пропусти од аптеките, во околу 0,5% рецепти од месец јануари 2014.**

**20. На барање на фармацевтите дефинираме и прегледи за лекови од примарната позитивна листа со МКБ-10 шифри за индикации и режими на пропишување.**

**Објавениот преглед е во фаза на доуредување и по финализирање истиот ќе биде наскоро објавен за што ќе информираме.**

**21. Воведовме електронско потпишување на договори.**

**22. Ги намалуваме административните оптоварувања во работењето и преку воведените петгодишни договори за аптеки, наместо досегашните едногодишни догори.**

**23. Има и многу други промени кои ги реализиравме заеднички.**




.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Во оваа прилика сакам да упатам благодарност до Фармацевтската комора на Македонија и за демантот кој го упати јавно по одредени дезинформации за вакцинирањето пласирани во јавноста.




Ве охрабрувам и поттикнувам за поголем публицитет на вашата стручност и залагања.

Благодарност упатувам и до сите фармацевти кои досега покажаа креативност со нивните барања до Фондот, соработка и трпение во воведувањето на квалитетни новини во работењето.

Идни проекти за аптеките и лековите на кои продолжуваме заеднички да работиме се:

- ✓ Зајакнување на улогата на фармацевтите во здравствениот систем во РМ,
- ✓ Рационално користење на лековите во интерес на здравјето на населението и идните генерации,
- ✓ Превентивно делување во аптеките за заштита на здравјето на населението,
- ✓ Електронско пријавување и одјавување во Фондот за фармацевтскиот кадар во аптеките.

Даваме поттик на фармацевтите како здравствени работници да го делат со осигурениците нивното најдобро знаење и да даваат совети за правилно лекување и зачувување на здравјето.

Ќе се заложиме фармацевтите да бидат вистински вреднувани во нашиот здравствен систем, најдобро според можностите.

Фармацевтите тоа го заслужуваат.

.

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 14.Статус на Електронска здравствена картичка




| До 31.03.2014 | Активни осигуреници | Во ФЗОМ за подигање | Преда-дени | Барања во обработка | Подготвени за персонализација во индициум | Персонали-зирани во индициум | Немаат поднесено барање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 1824869 | 220.812 | 1242033 | 28877 | 143632 | 50111 | 139404 |

Во моментов од активни **1.824.869 осигуреници** предадени се **1.242.033** електронски здравствени картички. Во моментов во подрачните служби на ФЗОМ се предаваат **220.812** во обработка и доставени за печатењесе **222.620** картички. Сеуште немаат поднесено барање за издавање на ЕЗК **139.404** осигуреници.



.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

.